РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМ[СКИ]
УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE
AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 07.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njl.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредн. Vler. |
| УПП 03 | 10 | | |

**ДО:** ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

**ПОДНОСИТЕЛ:** **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА – ВО СВОЈСТВО НА УЧЕСНИК НА ПАРЛАМТЕРНИТЕ ИЗБОРИ 2024**

**ДО:** **АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38, 1000 Скопје

www.avmu.mk | contact@avmu.mk |тел: (02) 3103 400

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА СИТЕЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Sitel.com.mk | vesti@sitel.com.mk | тел. 02 3116 566

Врз основа на членот 24 од Уставот на Република Македонија (1991); чл. 3, ст. 1 од Законот за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15); чл. 2, ст. 1, чл. 4, ст. 1, ал. 1 и 8, чл. 14 и чл. 138 од Законот за општата управна постапка (Сл. весник на РМ бр. 124/2015 и 65/18) – ја поднесуваме оваа

# П Р Е Т С Т А В К А
# ЗА ПОВРЕДА НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ОД РАДИОДИФУЗЕР

На ден 18.04.2024 година е започната изборната кампања за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија, Согласно Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, објавен на веб-страницата на Државната комисија, како и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија бр. 09-1169/1 донесено од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија на 14.02.2024 година, **на ден 18.04.2024 година е започната изборната кампања** за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија. Од тој момент, радиодифузерите, односно телевизиските куќи кои одлучиле да го покриваат изборниот процес се должни да ги применуваат следните законски обврски утврдени во член 75 од *Изборниот законик*:

*„(1) Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на Службен весник на Република Северна Македонија Редакциски пречистени текстови* ***правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма****. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик.*

*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис,* ***се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми)****, бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"

Оттука, оваа императивна законска норма ги обврзува националните телевизии на сите учесници во изборната кампања да им овозможи под подеднакви услови пристап до медиумско претставување – вести, интервјуа, дебати, ТВ соочувања и сл. Ви посочуваме дека кон оваа законска обврска одбива да се придржува Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Сител ТВ). Имено, од стартот на изборната кампања, Сител ТВ нема повикано на интервју, дебата, соочување или друг вид на медиумско претставување ниту еден кандидат за пратеник од редовите на Политичката партија Левица! Ова е во целосна спротивност на односот на Сител ТВ кон останатите политички партии – редовно повикувајќи ги на интервју претставниците на парламентарните партии како СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, па дури и вонпарламентарни партии како ЗНАМ, **но крајно дискриминаторски, незаконски и несфатливо одбива да повика на интервју било кој носител на кандидатските листи на една парламентарна партија во подем, како што е Почитичката партија Левица**.

Со оваа претставка, сакаме да укажаме на ваквото прекршување на одредбите на Изборниот законик и бараме Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како орган надлежен за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, да реагира на ваквото медиумска дискриминација и да постапи согласно законски утврдени надлежности и должности со цел да ја принуди Сител ТВ ДА овозможи правично, избалансирано и непристрасно медиумско претставување на сите политички опции на овие мошне значајни Парламентарни избори во Република Македонија.

Воедно, оваа претставка ја доставуваме и до Сител ТВ, со цел добронамерно да им ги посочиме овие законски обврски на уредничкиот тим на телевизијата и со надеж дека Сител ТВ сепак ќе се одважи да ги исполнат звоите дожности кон Политичката

партија Левица и кон нивните гледачи – граѓаните на Република Македонија, кои заслужуваат да бидат запознаени со ставовите и програмите на сите кандидати на претстојните Парламентарни избори. Во овој контекст, ги потсетуваме Сител ТВ, како една од најгледаните национални телевизии во државата, за нивната значајна улога во градењето, одржување и унапредувањето на демократијата и политичкиот плурализам во Република Македонија. Имено, здравото функционирање на демократијата зависи од тоа колку електоратот прави избор врз основа на знаење/информираност, а тоа пак **зависи од информациите кои електоратот ги добива од страна на медиумите**. Медиумот/радиодифузерот, како институција, ја ужива неприкосновената позицијата на доверлив примарен извор на вести и информации. Затоа, од непроценлива важност за демократијата во Републиката е сите кандидатски листи на Парламентарните избори **да имаат правичен и законски пристап до медиумите, како најлесен и честопати единствен пристап до избирачите**

Од горенаведените причини, бараме Сител ТВ да ги исполни своите законски обврски и должност кон граѓаните на Република Македонија и да овозможи медиумско претставување на Политичката партија Левица. Воедно бараме и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги искористи сите своите законски ингеренции со цел да ја принуди Сител ТВ да се придржува до Изборниот законик и да овозможи кандидатите за пратеници на Политичката партија Левица да добијат пристап до овој влијателен медиум.

Скопје, 03. V. 2024 година

Со почит,

**За ПП Левица**

______________________________